број: 02-677/5
Датум : 11.6.2016

# ЗАПИСНИК

од изборното Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери одржано на 11.6.2016

Собранието се одржа во салата за состаноци на Комората со почеток во 11:00 часот. Собранието го отвори водеше Претседавачот на Собранието Реџеп Асани.

По констатацијата дека на седницата на Собранието од вкупно 75 члена се присутни **71** избрани делегати од професионалните одделенија плус има еден отсутен делегат кој доставил полномошно заверено кај нотар, претседавачот констатира дека има кворум за работа и полноправно одлучување по сите точки од дневниот ред. Отсутни од седницата беа Самијел Хасани Зибери, Силјан Михајловски, Кристијан Руневски и Љупчо Чачовски. Љупчо Чачовски имаше доставено уредно полномошно заверено кај нотар за гласање.

Собранието по образложение од претседавачот околу редоследот на точките од дневниот ред едногласно го утврди следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Извештај од изборната комисија за спроведените избори во Комората.
2. Верификација на мандатите на избраните делегати во Собранието на Комората.
3. Избор на Председавач на Собранието на Комората.
4. Избор на Претседател на Комората.
5. Избор на членови на Управниот одбор на Комората.

## ТОЧКА 1

Генералниот секретар Димче Атанасовски, кој воедно е и координатор на изборниот процес изнесе дека нема добиено забелешки за регуларноста на изборите од ниту едно одделение. Тој го појасни начинот на тајно гласање кое ќе се спроведе бидејќи има повеќе од еден кандидат за функциите Претседавач на собранието и Претседател на Комората, при што посочи дека за претседавач е потребно просто мнозинство, а за претседател на Комората мнозинство од вкупниот број на делегати во Собранието. Атанасовски посочи дека согласно член 25 од деловникот за работа на собранието, тајното гласање го спроведува тричлена комисија, а тој предложи дел од изборната комисија која ги спроведе изборите да биде избрана за спроведување на изборот за Претседавач на Собранието и на Претседател на Комората, па така беше предложено комисијата да ја сочинуваат: Димче Атанасовски, по функција, Кристинка Радески и Беким Емулраи, а другите тројца: Маријана Стефановски, Христинка Матоска и Емил Чичевалиев ќе и помагаат на Комисијата. Собранието се согласи со овој предлог. На крај тој потсети на одредбите од упатствата за избори на

функциите во Комората дека жалба може да се поднесе до завршување на седницата на Собранието.

**ТОЧКА 2**

Собранието им ги верификуваше мандатите на 75 делегати на Собранието со мандат од четири години. Списокот на делегати е составен дел од овој записник.

**ТОЧКА 3 и 4**

Кандидатите за претседател на Комората преку куса видео презентација ја изложија и образложија својата програма за работа. Претставувањето беше по азбучен ред на презимето од кандидатите.

Најпрвин се претстави **м-р Жаклина Ангеловска** која се фокусира на основните точки од својата програма, визијата и мисијата и дефинирањето на принципите на работа на Комората, при што таа се задржа на стратешките цели и приоритети во Комората, програмските активности со членството како и развојните активности на Комората.

**Д-р Миле Димитровски** најнапред ја дефинира визијата и мисијата на Комората, а потоа зборуваше за правците на развој (автономна, модерна и ефикасна) на Комората, дигнитетот на членовите преку дефинирање на цената на инженерските услуги, зајакнување на меѓународна соработка, создавање услови за мобилност на членовите, континуирана професионална обука, зачувување, зголемување и рационално користење на Комората, финансиите, стратешките цели и акциони планови за нивна реализација.

**М-р Соња Черепналковска** најнапред ја престави својата професионална биографија по што, во своето претставување изнесе дека ќе ги почитува воспоставените политики на Комората и ќе се стреми кон нејзино отварање и транспарентност кон членството, а како стратешки цели ги потенцираше: подобрување на општествената позиција на Комората, поактивен однос на раководителите на одделенијата, донесување на ценовник, да нема доминација на одредена струка и ги образложи осумте програмски цели и на крај изнесе дека ќе настојува да изнајде нови извори за финансирање.

Претседавачот на Собранието Реџеп Асани ги повика членовите на дискусија по програмите од тројцата кандидати, при што за збор се јави само Дурим Фетаху кој изнесе дека не е задоволен од програмите од сите тројца и упати прашање за сите нив да се изјаснат за проектот Скпје 2014. На ова реплицираше Костадин Ристоманов, кој побара вакви прашања да се расправаат подоцна, а не на овој формален дел од седницата.

**Д-р Милорад Јовановски** се обрати до членовите на барање од Претседателот на Комората м-р Блашко Димитров кој е спречен да присуствува на ова Собрание со цел да ги поздрави и да им се заблагодари за соработката и им посака успешна работа. Тој ги пренесе поздравите од Иван Каралеев, претседател на Бугарската Инженерска Комора.

По извршеното тајно гласање Генералниот секретар ги прочита следниве резултати:

1. За претседавач на Собранието на Комората, се гласа за
   -д-р Гајур Кадриу
   -д-р Миле Станковски

Од вкупно 71 присутен делегат (плус еден глас од отсутен делегат со доставено полномошно – од Чачовски), добиени се 72 гласа, едно ливче е неважечко. За д-р Гајур Кадриу гласале 35, а за д-р Миле Станковски 36 делегати, и според добиените гласови комисијата едногласно констатира дека најмногу гласови за претседавач добил ***д-р Миле Станковски*** и собранието го потврди неговиот избор за Претседавач на Собранието.

2. За Претседател на Комората, од присутните 71 делегат плус еден глас со полномошно, добиени се 72 гласа, и сите ливчиња се важечки. Резултатите од гласањето се:
   –м-р Жаклина Ангеловска-25 гласа,
   - д-р Миле Димитровски-31 глас,
   - м-р Соња Черепналковска-16 гласа.

Согласно резултатите од тајното гласање во втор ќе се гласа за кандидатите м-р Жаклина Ангеловска и д-р Миле Димитровски.

По завршување на вториот круг тајно гласање и пребројување на гласовите, Димче Атанасовски ги прочита следниве резултати, согласно едногласната одлука од комисијата: од 71 присутен делегат плус еден глас со полномошно, гласале сите, при што најдени се две неважечки ливчиња. За м-р Жаклина Ангеловска гласале 33, а за д-р Миле Димитровски гласале 37. Врз основа на гласањето Генералниот секретар Атанасовски констатира дека ниту еден кандидат не го добил потребното мнозинство од 38 гласа (повеќе од половината од вкупниот број на делегати во собранието) и дека изборната комисија предлага кон крајот на септември да се одржи ново Собрание за да избере Претседател на Комората, за што ова Собрание треба да донесе одлука за распишување на избори. Тој информира дека мандатот на постојниот Претседател на Комората продолжува до изборот на нов претседател, но не подолго од 6 месеци, истото се однесува и на Потпретседателот на Комората.

Никој од присутните делегати не поднесе жалба на двата направени избори.

Собранието донесе одлука за распишување на дополнителни избори за неизбраните функции, а точниот датум за изборот да го утврди Управниот одбор и Претседавачот на Собранието на Комората.

Претседавањето со Собранието го презеде новоизбраниот претседавач д-р Миле Станковски

## ТОЧКА 5

Претседавачот Д-р Миле Станковски појасни дека на оваа седница бидејќи не е избран претседател ни негов заменик ќе се изберат членови на Управниот одбор само од редовите на раководителите на професионалните одделенија на Комората.

Тој исто така напомена дека согласно актите на Комората, мандатот на постојниот претседател и потпретседател на Комората продолжува до избор на нови, а најдоцна во рок од 6 месеци. Станковски го појасни составот на Управниот одбор од аспект на постојани и ротациони членови – раководителите на петте најголеми одделенија, заедно со Претседателот и Потпретседателот на Комората се постојани членови на УО, а останатите се ротациони, на период од 1 година. Распоредот за ротација го утврдува Управниот одбор на Комората.

Во кустата расправа која се однесуваше на барања дали раководителите на одделенијата може да бидат и претседател на Комората, на што секретарот одговори дека доколку раководител на одделение биде избран за претседател на Комората, ќе му престане функцијата раководител на одделение и ќе се избере нов раководител во рамките на четиригодишниот мандат на овој состав на Управниот одбор на Комората.

По расправата Собранието едногласно ги избра следниве членови на Управниот одбор со мадат од четири години. Мандатот започнува со денот за изборот:

**1. Д-р Петар Цветановски**, раководител на Одделението на градежни инженери,
**2. Реџеп Асани,** раководител на Одделението на архитекти,
**3. Владко Тодоровски** раководител на Одделението на електро инженери
**4. Д-р Миле Димитровски**, раководител на Одделението на машински инженери
**5. М-р Жаклина Ангеловска**, раководител на Одделението на урбанисти и планери,
**6. Д-р Спасен Ѓорѓевски,** раководител на Одделението на инженери по геотехника
**7. Д-р Јован Јованов,** раководител на Одделението на инженери по геодезија,
**8. Д-р Христина Спасевска,** раководител на Одделението на инженери за животна средина
**9. Јован Христоски,** раководител на Одделението на сообраќајни инженери
**10. Д-р Ванчо Донев,** раководител на Одделението за заштита при работа.

Се констатираше дека потребен е избор уште на двајца раководители на одделенија, и тоа од Енергетска Ефикасност и Технологија и Металургија. Тие немаа избрано раководители во утврдениот рок, па затоа не се избрани за членови на УО на оваа седница. Се постави прашање и зошто не се избрани раководители на овие одделенија.

Управниот одбор на првата наредна седница ќе одлучи како ќе се врши ротација на раководителите на малите одделенија од аспект на нивно членство во УО.

По изборот на **д-р Петар Цветановски** и **Владко Тодоровски** за членови на Управниот одбор, Генералниот Секретар Атанасовски појасни дека, согласно член 18 од Статутот на Комората за неспоивост на членство во УО и Надзорен одбор, им престануваат нивните функции во Надзорниот одбор, а останатите 4 члена на Надзорниот одбор, и тоа Селајдин Беадини, Тања Франц, Златко Србиновски и Нина Трендафилова продолжуваат со работа во Надзорниот одбор до избор на нов Надзорен одбор.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Записникот го состави
Јагода Дренковска, дипл. прав.

Претседавач на Собранието
д-р Миле Станковски